ОКТА

МЕМО

0201- 1505/24-2
30.04.2024

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје, на својата 34-та седница одржана на ден 30.04.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за стекнување сопствени акции**
**со откуп**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје го одобрува стекнувањето на сопствени акции со откуп.

**Член 2**

Начинот на стекнување на сопствени акции со откуп ќе се спроведе во согласност со Правилата за тргување на Македонската берза („**Правилата за тргување**“) и применливите закони, како купопродажба на акции на отворениот пазар на Македонската берза преку овластен брокер.

**Член 3**

Номиналната вредност на сопствените акции кои ќе ги стекне Друштвото не можат да надминат една десетина од номиналната вредност на основната главнина на Друштвото.

Максималниот број на сопствени акции кои ќе се стекнат изнесува 84,636 акции.

Откупот на сопствени акции ќе трае до достигнување на максималниот број на сопствени акции кои можат да се стекнат согласно оваа Одлука.

**Член 4**

Минималната купопродажна цена по акција за стекнување на сопствените акции е определена на 5.145,00 денари по акција, додека максималната купопродажна цена по акција за стекнување на сопствените акции е определена на 5.919,00 денари по акција.

**Член 5**

Стекнувањето на сопствените акции со откуп ќе се врши во период од 30 дена од денот на донесување на оваа Одлука, од сопствени средства на Друштвото.

**Член 6**

Одборот на директори на Друштвото се овластува да ги преземе сите потребни чекори во врска со спроведување на оваа Одлука, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, давање овластување

на овластен брокер да купува акции на отворениот пазар на Македонската берза согласно Правилата за тргување и склучување на договор за брокерски услуги.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво